# Етички принципи за спроведување на научни истражувања

Етичките принципи наведени во ова упатство се однесуваат на истражување кое вклучува луѓе и проучување на човековото однесување. Според Етичките норми императив е да се осигура дека истражувачите во научната заедница се добро запознаени со упатствата и препораките во врска со интегритетот на истражувањето и етичките принципи. Задолжително е, истражувачите, да се придржуваат до овие упатства и препораки. Овие упатства се применливи и при реализирање на национални но и меѓународни истражувачки проекти. Истите се релевантни кога се изведуваат истражувачки проекти во кои се вклучени и други субјекти (приватен сектор, бизнис заедници).

Од истражувачите се очекува да ги усогласат планираните истражувачки активности со етичките принципи наведени во овој кодекс. Исто така, истражувачите се охрабруваат да се залагаат за примена на овие принципи кога се вклучени во наставата на високообразовните институции и надзорот на теми кои ги менторираат. Во случаите на мултидисциплинарни истражувачки проекти кои се протегаат на границата помеѓу медицинските и немедицинските истражувања, се препорачува соработка помеѓу комитетите за медицинска етика и Етичката комисија при ФФОСЗ. Оваа соработка ќе помогне да се разјаснат одговорностите и да се применат добри практики при решавање на интердисциплинарни истражувања.

Од истражувачите се бара да се придржуваат до етичките принципи кои го регулираат истражувањето кога се вклучени испитаници. Се препорачува, истражувачите да побараат одобрение (Етичко одобрување за спроведување на истражување – Ethical clearance letter) од “Комисија за етика во научните истражувања” при ФФОСЗ, пред да започнат со спроведување на истражување.

**1. Информирана согласност:**
- Сите учесници во истражувањето, вклучувајќи ги и испитаниците, потребно е да добијат јасни информации за природата, целта и процедурите на истражувањето.
- Учеството во истражувањата е доброволно.
- Потребно е учесниците да бидат информирани за нивното право да се повлечат од учество во истражувањето во било кое време, без последици по нив.

**2. Доверливост и анонимност:**
- Идентитетите на учесниците и осетливите информации ќе се чуваат како доверливи информации.
- Податоците кои ќе се прибираат, ќе бидат анонимни и зачувани на безбедно место за да се спречи неовластен пристап.

**3. Почит кон учесниците:**
- Учесниците ќе бидат третирани со почит и достоинство во текот на истражувачкиот процес.
- Културните индивидуалните разлики на учесниците во истражувањата, ќе бидат препознаени и земани во предвид.

- При учество на малолетни лица во истражувањето, потребна е согласноста од родител или старател.

**4. Интегритет на Податоците:**

- Собирањето, анализирањето и објавување на податоците се реализира со највисоки стандарди на точност и транспарентност.
- Осигурување дека личните податоци на учесниците се заштитени и дека нивната приватност е одржана во процесот на објавување.
- При непредвидени етички дилеми, резултатите може да бидат повлечени.

**5. Правни апликации и регулативите:**

- Истражувачите се придржуваат до сите закони (Агенција за заштита на лични податоци (Закон за ЗЛП), регулативи и етичките принципи пропишани во Хелсиншката декларација (WMA) при раководење на истражувањата со испитаници.
- Етичко одобрување (Ethical Clearance letter) се добива од Етичката комисија на ФФОСЗ.

**6. Комуникација на резултатите:**

- Научните резултати се комунициранаат (објавуваат/ презентираат) јасно и одговорно, избегнувајќи сензационализам или погрешно претставување со јасен и разбирлив јазик, осигурувајќи дека информацијата е достапна и разбирлива за различни аудитории.
- При објавување на резултатите, почитување на етичките принципи и претходно дефинираните стандарди за комуникација на истражувачките резултати.
- Доколку е потребно, консултирање со учесниците во истражувањето за начинот на претставување на резултатите и осигурување на нивната согласност и задоволство.
- Сите научни резултати се презентираат без манипулации.

**8. Колаборативен и инклузивен пристап:**

- Се охрабрува соработката со различни институции.
- Се мотивираат истражувачите да вклучуваат маргинализирани групи во истражувањето, кога е применливо.

**9. Континуирана етичка рецензија:**

- Континуирана етичка рецензија се спроведува во текот на целиот истражувачки процес за да се адресираат евентуални етички прашања.
- Модификации на протоколот за истражување потребно е да бидат направени веднаш доколку постои било каква етичка дилема.

**10. Транспарентност и научна достапност:**

- Методите на истражување, податоците и резултатите ќе бидат достапни и отворени за проверка кога е применливо.
- Соработка со пошироката научна заедница ќе биде поддржана за напредокот на науката.